Далибор ЈОВАНОВСКИ

# ПРЕДАВАЊЕТО НА ИСТОРИЈАТА НА ЕВРОПА ОД ДВАЕСЕТТИОТ ВЕК:

## ПРИСТАПИ И ПРОБЛЕМИ[1]

Крајот на осумдесетите години од овој век бил во знак на реформи на наставните планови во земјите членки на Советот на Европа, но политичките промени што се случија во Источна Европа ја пренасочија работата на Советот на Европа кон:

- Обезбедување подршка за реформа на предавањето на историјата во училиштата во оние европски земји кои влегле во демократска транзиција;

- Согледување на импликациите од промените во поглед на предавањето на европската историја во земјите членки на Советот на Европа.[2]

Неопходноста од подобро меѓусебно разбирање во Европа, а со тоа и приближување, иницира проекти, со кои би се направил обид за доближување на постојните разлики, кои се присутни. Во таа насока, Советот за културна соработка при Советот на Европа(CDCC), во септември 1996 година, го усвојува проектот - "Учењето и предавањето на историјата на Европа од XX век во средните училишта". Цели на проектот се:

- да се заинтересираат учениците за најновата историја на нашиот континент и истовремено да ги разберат силите, движењата, настаните и личностите кои ја оформиле Европа во овој век;

- обезбедување на совети и примери за составувачите на наставните планови, авторите на книгите и мултимедијалните извори, наставниците по историја и нивните обучувачи;

[1] На тема "Предавањето на историјата на Европа од XX век - Пристапи и проблеми" беше одржан семинар во Будимпешта, од 11 до 13 декември 1997 година, во организација на Советот на Европа.

[2] Robert Strandling, Teaching the history of Europe in the 20$^{th}$ century: Approaches and Problems - The context of the seminar, Strasbourg, November 1997, p.2

- истовремено, да се работи со позитивните меѓусебни влијанија, врз чувствителните и контроверзни прашања;

- посветување посебно внимание на врските помеѓу локалната, регионалната, националната, европската и светската историја и нивно изедначување во наставните планови.[3]

Одржувањето на семинарите во рамките на проектот, според замислата на претставниците на Советот на Европа, ќе помогне полесно да се усвои сèевропскиот пристап на предметот, имајќи ги предвид промените во Европа што се случија последниве години. Исто така треба да се бараат главните аспекти на периодот, кој е во прашање - политички, економски, социјални, духовни, културни, уметнички, научни и технолошки, а наставниците и учениците треба постојано да ги користат новите комуникациони технологии.[4] Сепак, ваквите настојувања се соочуваат со големи разлики меѓу европските земји, во поглед на учебниците, наставните програми т.е. застапеноста на европската историја во нив, различната обука на наставниците и ограничените можности на голем дел од европските држави, за користење на новите технологии во наставата по историја. Покрај ова постојат и проблеми со изворите, загриженост од механичкото учење, критичниот приод кон фотографиите и опасноста изучувањето на историјата на Европа да се користи за европска униформираност.[5]

Постојат големи разлики меѓу учебниците по историја во европските држави и тоа, во поглед на застапеноста на европската историја во нив, како и начинот, на кој градивото е изложено и истото е интерпретирано. Во француските и англиските учебници "како по правило, левата страна и горниот дел од десната страна на страницата се полни со"документи": карти, фотографии, статистички податоци, вежби и прашања."[6] Во учебниците од Источна Европа, илустрациите и изворите имаат помала

---

[3] Resolution N. 2: Fundamental values, aims and the future role of educational cooperation in the Council of Europe, 19th Standing conference of the European Ministers of Education, Kristiansand, 24 june 1997

[4] "Learning and Teaching about the history of Europe in the 20th century in secondary schools", document adopted by the Education Committee at its 15th Meeting, Strasbourg, 25 september 1996, p.2-3

[5] За време на семинарот во Будимпешта, Маитланд Стобарт одржа предавање на тема "Прашања и можности во предавањето на историјата од XX век - идеи од работата на Советот на Европа 1949-1997". Во текот на предавањето тој го изнесе проблемот со ембаргото на некои документи кое постоело и во Западна Европа, а не само на истокот. Стобарт ја изнесе и загриженоста од механичкото учење, зошто подобро е учениците да го изнесуваат своето мислење, да анализираат различни извори и да покажуваат љубопитност. Учениците треба да се учат и на критички приод кон фотографиите, кои пак, можат да бидат употребени за пропаганда и манипулации.

[6] Falk Pingel, The ways in which the history of Europe in the 20th century is presented in textbooks for Secondary Schools, Strasbourg, 1997, p.9

улога. Тие често само го илустрираат текстот.[7] Застапеноста на европската историја во учебниците и понатаму е помала во однос на присутноста на националната и регионалната историја. Постојат некои размислувања дека европската историја треба да има поголем простор во учебниците, со цел учениците подобро да разберат некои настани и појави, а исто така и да се изјаснат во каква Европа би сакале да живеат. Сепак, националната и регионалната историја треба да имаат значајно место во учебниците, а пожелна би била и поголема застапеност на историјата на Европа и некои нејзини региони.[8]

Пишувањето на учебниците по историја во Европа е различно. Во Велика Британија, поточно Англија, текстот го пишуваат и наставниците, кои ги консултираат научните работници. Во Полска, порано учебниците биле пишувани од универзитетски професори или други научни работници, а сега, на истата проблематика работат заедно универзитетски професори и наставници од средните и основните училишта. Руските учебници се пишувани од универзитетски професори, но истите се преоптоварени со текст. Учеството на научните работници во пишувањето на учебниците е повеќе од потребно, но разликата, која постои помеѓу светот на науката и светот на училиштето, постепено треба да се надминува. Научниците можат да го преоптоварат учебникот со текст и материјал, кој не е на нивото на ученикот. Затоа инволвирањето на наставниците од училиштата во пишувањето и издавањето на учебници, е многу пожелно.[9] Текстот е важен за учениците, но кај нив треба да се развиваат и способностите за користење на извори, табели и сл. Истовремено, наставникот е принуден да користи учебници, кои се напишани од автор, кој претходно пишувал спротивно на тоа, што го има изложено или пак, воопшто не ги земал предвид, промените кои претходно се случиле.

[7] Оваа констатација на Ф. Пингел делумно може да се прифати. Тој во својата студија користел учебници од Полска, Русија и Литванија. На семинарот во Будимпешта беа изложени учебниците од земјите учеснички, при што секој учесник имаше можност истите да ги разгледа. Точно е дека руските, полските,албанските и молдавските учебници се преоптоварени со текст, но затоа словенечките, чешките и унгарските учебници изобилуваат со илустрации, карти и извори. Истото може да се каже и за бугарскиот учебник.

[8] Во последно време се јавуваат и размислувања околу потребата за поголема застапеност на историјата на европските региони. Доколку се сака да се добие млада личност со европски погледи потребно е да ја познава, барем делумно, и историјата на другите народи. Така учениците од Скандинавија или од Балтичките земји би учеле и за историјата на Балканот (значи и за Македонија) и обратно. Кон ваквите размислувања се приклонуваат помалите членки на Советот на Европа. Постои загриженост за својата историја, посебно кај новите членки од Источна и Централна Европа, дека истата не се изучува во Западна Европа.

[9] Марк Меклахлин, еден од известувачите на семинарот, во својот извештај, напомена дека потребата од учество на наставниците во пишувањето и издавањето на учебниците, автоматски не значи дека добар наставник е и добар автор.

Постојат големи разлики помеѓу европските земји, во начинот на издавање и избор на учебниците. Приватните издавачки компании во Финска, Германија, Англија и Велс, Холандија, Франција и Италија го снабдуваат пазарот со книги, но постојат разлики при изборот на учебниците.[10] Во Холандија и Англија и Велс се комплетно слободни во изборот на учебникот, кој ќе биде користен, а во други земји учебникот, кој ќе се користи, е пропишан.

Прашањето за местото на учениците во наставата по историја и иновација, од страна на наставниците во истата, е многу актуелно. Аспирација на многу земји е да се охрабри вклучувањето на ученикот, како активен учесник во наставата и да се промовира користење на нови пристапи во предавањето. Меѓутоа, во пракса, сеуште постои голема зависност од говорот на наставникот и потпирање врз учебникот. Инвентивноста од страна на наставникот во наставата по историја е повеќе од потребна, но таа треба да се прилагоди на возраста на ученикот и неговото предзнаење. Да го земеме примерот од Бестужев гимназијата од Санкт Петерсбург, Русија, каде историјата на Европа се изучува, како дел од светската историја, од 9-ти до 11-ти клас (учениците се на возраст од 14 до 17 години).[11] При наставата по историја во оваа гимназија, прес - конференциите се користат како активна форма на образование. На пример "Карипската криза од 1962". Сите ученици во текот на еден час се активни учесници на една конференција за новинари. Притоа, тројца од учениците се во улога на Џ.Кенеди, Н.Хрушчов и Ф.Кастро, а останатите се новинари од водечките светски агенции. Тие ги прашуваат "лидерите" на САД, СССР и Куба најразлични и провокативни прашања. Часот завршува со дискусија на тема: "Каква лекција може да научи човештвото од октомвриските настани во 1962?" Ваквиот час бара внимателна подготовка, а учениците имаат на располагање три нови руски учебници, читанка и материјал на англиски јазик од EUROCLIO.[12] Според мислењето на авторот на презентацијата, резултатите од ваквиот тип на час, се многу задоволувачки, а интересот за историјата во гимназијата е голем. Треба да се напомене, дека материјалот, кој е тема на прес конференцијата, претходно е предаден. Сепак, наставниците понекогаш се сретнуваат со отпор од страна на учениците, кои не сакаат да ги прифатат новите методи, но има и наставници, кои не сакаат да применат новини. Не секогаш инвентивноста од страна на наставникот, ги донесува

[10] F. Pingel, The ways in..., p. 4

[11] Sergei Kushnir, "Teaching the 20th Century history of Europe in a secondary school in St. Petersburg - an innovatory Russian example", Презентација одржана на семинарот во Будипешта на 12 декември 1997 година. Авторот смета дека учењето треба да се одвиваат во атмосфера на подршка и грижа, при што не треба да има формална контрола.

[12] Ibid, p. 2

саканите резултати.[13] Учениците некогаш, со својата возраст, не одговараат на дадените задачи, не се доволно спремни со своите знаења, а и секојдневните настани влијаат на нивните ставови. Затоа, доколку се сака инвентивност, потребни се сериозни подготовки од страна на наставникот, но тие не треба да бидат стихијни. На прашањето за можноста од распространување на разните иноваторски пристапи од едно во друго училиште или од една во друга држава во Советот на Европа, се гледа со оптимизам.

Потребата од користењето на новите технолошки и комуникациони средства во наставата по историја е повеќе од неопходна, а тоа е и начин учениците повеќе да се заинтересираат за историјата како наставен предмет и зошто да не, како наука. Постои согласност помеѓу членките на Советот на Европа за издавање на CDROM за европската историја, но ваков потфат бара време и средства. Многу европски земји, посебно во западниот дел од континентот, ги ползуваат можностите што ги нуди INTERNET и E-mail. Истите можности ги користат и некои училишта во Чешката Република. Многу училишта во Западна Европа меѓусебно контактираат преку INTERNET, за изработка на заеднички проекти. Група училишта во Ирска, В. Британија, Франција и Белгија биле поврзани помеѓу себе преку e-mail, а учениците размениле информации на одредени историски теми, како што е Втората светска војна, поврзани со нивниот регион.[14] Сепак, и во овие земји постојат одредени проблеми, па така, во Германија се случува, учениците повеќе да знаат за компјутерите отколку нивните наставници. За жал, голем дел од европските земји имаат проблеми со набавка на новите технологии од финансиски аспект, што придонесува за заостанување зад поразвиените држави, кое да се надеваме нема да доведе и до заостанување во знаењето.

Користењето на музеите во наставата по историја е застапено во сите европски земји, а во некои од нив и самите училишта имаат свои музеи. Сепак, скоро секаде, музеите не се доволно искористени во наставата. Затоа постои намера да се истакнува важноста од користењето на истите,

[13] Во Унгарија, во 1988 година, е отворено Алтернативното економско средно училиште. Историјата во ова училиште се изучува заедно со социологија. При еден микропроект во кој главно внимание се посветило на Големите светски економски кризи, Унгарија и регионот во триесетите години на овој век и Втората светска војна. Учениците, кои сами ги одбирале темите, добиле задача да напишат како би ја решиле економската криза, како ги замислуваат советските селани и сл. Одговорите биле шокантни за наставниците. Голем дел од учениците, со тоа што го напишале, како решенија за излез од кризата одбрале тоталитарни методи, а советските селани повеќе личеле на робови. Презентација на семинарот одржана на 12 декември 1997 година на тема; "A Hungarian innovatory project with multidisciplinary approach" by Peter Bihari and Judit Stefany.

[14] "Teaching local history in a European perspective: approaches and challenges for the 1990s", Trondheim, Norway, 26 july-1august 1993, Report by Ann Low-Beer, p. 16-17

зошто така се создава врска меѓу ученикот и заедницата на која тој и припаѓа. Исто така, музеите можат да бидат искористени со цел учениците истовремено да се запознаат со повеќе страни во еден настан. Таков е случајот со музејот Historial, кој е посветен на Првата светска војна. Тој е тријазичен (француски, англиски и германски) музеј и во него е прикажан судир на различни идеологии и споредба на искуствата на главните учесници во војната. Музејот овозможува да се добие претстава за животот на фронтот, позади линијата на судирите и важноста на цивилите, за време на војната. Овој музеј дава глобален поглед за конфликтот на западниот фронт, бидејќи посетителите можат да се запознаат со француските, британските и германските погледи за војната, а исто така и за тоа како пропагандите на овие држави ја прикажувале противничката страна во весниците, пропагандните брошури, карикатурите и др.

Постојат разлики помеѓу европските држави и во поглед на наставните програми. Во Англија, наставната програма е отворена, а слично е и во Шведска и Австрија, каде наставникот има слобода во изборот на материјалот. Во Русија и Германија, секоја федерална единица има сопствена наставна програма. Наставните програми во многу европски држави се во фаза на измени, а ова посебно се однесува на земјите од поранешниот источен блок. Новите наставни планови сѐуште не се формално одобрени. Книгите, во кои се изучува историјата на XX век, не секаде почнуваат со 1900-та година. Некаде тие започнуваат со 1870 година, а некаде со почетокот на Првата светска војна. Поголемиот број земји сѐуште го користат хронолошкиот пристап, но и тука се јавуваат нови размислувања. Имено, постои мислење дека треба да има баланс помеѓу хронолошкиот и тематскиот пристап. Многумина забележуваат дека историјата на XX век е повеќе фокусирана на политичкиот дел, за сметка на економскиот, социјалниот и културниот, па затоа е потребно вниманието да се насочи и кон овие делови. Слично како и во учебниците, и во наставните програми, застапеноста на европската историја не е на посакуваното ниво. Во многу земји, под европска историја се прикажува историјата на некои европски региони или на големите сили.

Согласно со демократизацијата, која е во тек, во добар дел од европските земји, се јавува потреба за учење и на теми, кои се чувствителни за општеството. Тука, според некои согледувања во Советот на Европа, спаѓаат граѓанските војни, воените окупации, третманот на малцинствата и др. Затоа треба да постои стратегија, која ќе вклучува:
- учениците да имаат можност за користење различни извори, кои ќе им овозможат различни прикази за ист настан;
- учениците да имаат можност да согледаат како интерпретациите и приказите од страна на историчарот биле под влијание на неговото време и култура;

- користење на симулации со цел, ученикот да биде во улога на некој со различно искуство и погледи;
- користење на искажувања од луѓе, кои минале низ одреден настан и споредување на искажаното, со тоа што го напишале историчарите.

Треба да се каже дека некои земји веќе работат на оваа проблематика. Така на пример, во Холандија е издаден учебник, кој ја третира холандско-индонезиската криза од четириесеттите години на овој век.

При Советот на Европа постои идеја за издавање на еден прирачник за наставниците по историја. Иако е рано да се говори за содржината на прирачникот, сепак се наѕираат некои предлози за содржина на истиот:
- сугестии за темите и целините, кои би биле опфатени;
- сугестии за различни педагошки пристапи;
- совети, со примери, како да се развијат соодветни вештини и ставови преку предавањето на историјата;
- идеи како да се интегрира предавањето во училницата, со можностите за учење надвор од училиштето;
- идеи како новите технологии да се користат за предавањето на модерната европска историја;
- совети и идеи за користење на визуелниот архивски материјал;
- идеи и совети за користење на изворен материјал за блиските и тековните настани обезбедени од мас-медиумите.

Покрај прирачникот за наставиците, постои тенденција и за издавање на водичи за составувачите на наставните програми, авторите на учебниците и издавачите, но за ова ќе треба повеќе време.

Ова се само некои од размислувањата кои се присутни во Советот на Европа, но тие автоматски, доколку некои од нив се остварат, не значат и обврска за нивно имплементирање. Секоја земја во зависност од своите можности, потреби и интереси ќе ги сообрази евентуалните резултати со својот образовен систем.